Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 9**

**02.06.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за долгорочно задолжување на општина Демир Хисар во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

1.Ја објавувам Одлуката за долгорочно задолжување на општина Демир Хисар во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) донесена на Итна седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 02.06.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 483/1** | **Општина Демир Хисар** |
| **02.06.2016 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | ***Љупчо Блажевски с.р.*** |

476. Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08 и 35/11), и член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 02.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Демир Хисар, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 15.182.561,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект **“Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник - Смилево) - Манастир “Св. Петар“ - Боиште (делница од раскрсница до Манастир “Св. Петар“)“**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 13 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.11.2030 година**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-478/2
02.06.2016 година

**Претседател**
**на Советот на Општина Демир Хисар**
**Ѓоко Василевски с.р.**

----------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за долгорочно задолжување на општина Демир Хисар во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)---------------------------------------------1

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**